**1723.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.187/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на проектот за консолидација.

Член 2

Проектот за консолидација се изготвува во писмена и електронска форма.

Проектот за консолидација содржи:

- насловна страна, со податоци за изготвувачот;
- извод од Просторниот план од општината за подрачјето на консолидација;
- содржина на проектот за консолидација;
- технички извештај;
- теренска скица на консолидационото подрачје со граници на консолидационото подрачје изразени во површина, форма и катастарска општина;
- теренска скица на консолидационото подрачје со означување на објектите и повеќегодишните насади кои во процесот на консолидација остануваат на истата позиција изразени преку вид, големина, намена на објектите и вид на долгогодишни насади;
- теренска скица на консолидационото подрачје со големина, форма, вредност и број на земјишните парцели по учесник внесени во консолидационото подрачје;
- проект на мрежа за наводнување ( постоечка и идна);
- проект на мрежа за одводнување ( постоечка и идна);
- проект за патна мрежа (постоечка и идна) со категорија, ширина и намена на полскиот пат;
- податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем користени при изготвувањето на проектот за консолидација и
- други податоци.

Формата и содржината на проектот за консолидација се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.31-2942/1
18 март 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог

Приемен штембил

# ПРОЕКТ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА

**Изготвил:** .

I.Извод од просторен план од општината за подрачјето на консолидација

II.Содржина на проектот за консолидација

1.
2.
.
.

III.Технички извештај

IV. Теренска скица на консолидационото подрачје со граници на консолидационото подрачје изразени во површина, форма и катастарска општина.

V. Теренска скица на консолидационото подрачје со означување на објектите и повеќегодишните насади кои во процесот на консолидација остануваат на истата позиција изразени преку вид, големина, намена на објектите и вид на долгогодишни насади.

VI. Теренска скица на консолидационото подрачје со големина, форма, вредност и број на земјишните парцели по учесник внесени во консолидационото подрачје.

VII. Проект на мрежа за наводнување (постоечка и идна).

VIII. Проект на мрежа за одводнување (постоечка и идна).

IX. Проект за патна мрежа (постоечка и идна) со категорија, ширина и намена на полскиот пат.

X. Податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем користени при изготвувањето на проектот за консолидација и

XI. Други податоци